Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 109, 15 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област епидемиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во во сите звања за наставно-научната област аналитика на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област механика на флуиди и стручно технички системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 32

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област автоматика на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трудово право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на рракописот „Менаџмент на комунален отпад" од авторите професор д-р Благој Голомеов и асистент д-р Трајче Митев, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 56

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Казнено право посебен дел - со практични примери" - авторизирани предавања од авторот проф. д-р Тодор Витларов, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 58

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФЕСОР Д-Р БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ И АСИСТЕНТ Д-Р ТРАЈЧЕ МИТЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 2202-232/4 од 12 септември 2013 година на Наставо-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, определени сме за рецензенти на скриптата „**Менаџмент на комунален отпад**“ од авторите професор д-р Благој Голомеов и асистент д-р Трајче Митев.

По разгледување на ракописот го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доставениот ракопис целосно ја покрива Наставната програма по предметот Менаџмент на комунален отпад на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“. Предметот за којшто е наменета скриптата се слуша во трета година во шести семестар на студиската програма Инженерство на животна средина, со неделен фонд 2+2+1 (6 кредити). Ракописот овозможува запознавање на студентите со карактеристиките, својствата и класификацијата на комуналниот отпад, најважните технологиии за депонирање, согорување, компостирање и рециклирање и претставува солидна основа за совладување на предметната програма.

Материјалот е изложен прегледно и концизно, со низа графички прикази, што овозможува полесно да се разбере и усвои од страна на студнтите.

Текстот содржи 131 страници групирани во 12 поглавја: Проблем со цврст комунален отпад и начин на негово решавање, Карактеристики на цврстиот комунален отпад, Класификација на отпадот, Управување со отпадот, Термички третман на отпадот, Методологија за избор на локација за депонија, Принципи на декомпозиција во депониите, Технологија на депонирање, Компостирање на отпадот, Рециклирање на отпадот, Стратегија за управување со отпадот на Р. Македониаја, Преглед на план со акции за спроведување на стратегијата за управување со отпадот.

Во првото поглавје е прикажан проблемот со цврстиот комунален отпад и начинот на негово решавање. Во второто поглавје се опишани карактеристиките на цврстиот комунален отпад како физичкиот, елементарниот и фракциониот состав, влага, волумен, специфична маса и топлотна моќ. Во третото поглавје е дадена класификација на цврстиот комунален отпад со математичко определување на состав, влага, маса и топлотна моќ. Четвртото поглавје го опишува управувањето со отпадот, собирањето и складирањето, транспортот и постапувањето со отпадот. Во петтото поглавје детално е опишано термичкото третирање на комуналниот отпад, инсинерација, пиролиза и комбинирани процеси. Во шестото поглавје се опишани депониите за комунален отпад, критериуми за избор на локација и проценка на варијантите. Во седмото поглавје се опишани принципите на декомпозиција во депониите, карактеристиките на филтратот и депонискиот гас. Во осмото поглавје е дадена технологијата на депонирање, проектни пресметки за депонијата, систем за одведување на филтратот и систем за прифаќање на депонискиот гас. Во деветтото поглавје е опишано компостирањето на отпадот. Во десеттото поглавје е дадено рециклирањето на отпадот. Во единаесеттото поглавје е опишана стратегијата за управување со отпадот во Р. Македонија. Во дванаесеттото поглавје е даден преглед на план и акции за спроведување на стратегијата.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите од Факултетот за природни и технички науки, Инженерство на животна средина, со голем број графички прилози, што овозможува запознавање на студентите со различните технологии за постапување со цврстиот комунален отпад.

## З А К Л У Ч О К

Имајќи го предвид изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме ракописот „Менџмент на комунален отпад“ од авторите професор д-р Благој Голомеов и асистент д-р Трајче Митев да го прифати како рецензирана скрипта по истоимениот предмет.

**Р Е З Е Н З Е Н Т И**

**Д-р Борис Крстев, ред. проф., с.р.**
**Д-р Дејан Мираковски, вон.проф., с.р.**